Институт за дечју књижевност

# КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ НА РАЗМЕЂИ ДВА МИЛЕНИЈУМА

*Зборник радова*

*са међународног научног скупа*

Београд – Параћин
2021

Институт за дечју књижевност
Културни центар Параћин
КК „Мирко Бањевић“

# КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ НА РАЗМЕЂИ ДВА МИЛЕНИЈУМА

Уредник

Др ПРЕДРАГ ЈАШОВИЋ, проф.

Редакција

Др Милутин Ђуричковић,Институт за дечју књижевност;
Аљоша Глигоријевић, Културни центар Параћин; Олга Манчић-Ружић,
КК „Мирко Бањевић“;
Проф. др Сунчица Денић, Педагошки факултет у Врању;
Проф. др Бранко С. Ристић, Педагошки факултет у Лепосавићу;
Проф. др Томислав М. Павловић, ФИЛУМ Крагујевац;
Проф. др Дмитро Чистјак, Институт за филологију Кијевског националног
универзитета „Тарас Шевченко“, Украјина; Проф. др Светлана Калезић
Радоњић, Филозофски факултет, Никшић, Црна Гора;
Доц. др Саша Радовановић, ФИЛУМ Крагујевац; Др Тамара Грујић,
Висока школа струковних студија за образовање васпитача у Кикинди, Србија;
Др Сашо Огненовски, Научно друштво Битољ, Северна Македонија
Др Лаура Гаравањо, Универзитет у Милану, Италија

Лектор:
Др Милутин Ђуричковић

Штампа:
АЛКА, Параћин

Тираж:
100 примерака

ISBN 978-86-85111-48-8

САДРЖАЈ

Уводна реч ........ 7

Тихомир Петровић, МОТИВИ И ТЕМЕ У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ ........ 9
Миомир З. Милинковић, ФАНТАСТИКА И НАУЧНА ФАНТАСТИКА У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ – КОМПАРАТИВНИ ПРИСТУП ........ 21
Даница В. Столић, ДВА ХРОНОТОПА У БАЈКОВИТОЈ ПРОЗИ МАЈЕ ЦВЕТКОВИЋ СОТИРОВ ........ 33
Софија Калезић, СТВАРАЛАШТВО АНДРИЈАНЕ НИКОЛИЋ ЗА ДЈЕЦУ И МЛАДЕ ........ 55
Јованка Денкова, ЖИЛВЕРНОВСКАТА НАУЧНА ФАНТАСТИКА НА ТОМЕ АРСОВСКИ ........ 65
Mónica Esparza Patiño, ЖАНРОВИ ФАНТАСТИКЕ У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ У XXI ВЕКУ ........ **77**
Шејла Кадрибашић, Суад Хасановић, ЗНАЧАЈ МЕТОДИКЕ ДЈЕЧИЈЕ КЊИЖЕВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ ИНКЛУЗИВНЕ ШКОЛСКЕ КУЛТУРЕ ........ 83
Сава В. Стаменковић, ПРВА ЉУБАВ, ГУБИТАК И ОДРАСТАЊЕ У РОМАНУ *ПЛЕШИ НА МОМ ГРОБУ* И ФИЛМУ *ЛЕТО '85.* ........ 99
Магдалена Думитрана, КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ КАО ИДЕОЛОШКО БОЈИШТЕ ........ 115
Андријана А. Николић, ПРИПОВЈЕДАЧКИ СВИЈЕТ ЗА ДЈЕЦУ ВУКА МИНИЋА ........ 127
Слађана М. Миленковић, ПРИРОДА КАО ПЕСНИЧКИ МОТИВ У СТВАРАЛАШТВУ ЗА ДЕЦУ ГРИГОРА ВИТЕЗА ........ 135
Милутин Ђуричковић, НЕОЧЕКИВАНИ ОБРТИ У КРАТКИМ ПРИЧАМА МИЛЕНКА МАТИЦКОГ ........ 153
Предраг Јашовић, ПОЕТИКА ДЕТИЊСТВА У ПОЕЗИЈИ ЗА ДЕЦУ РАДОМИРА АНДРИЋА ........ 171
Виолета Николић, АДАПТАЦИЈА ДЕЛА *ЈАЗАВАЦ ПРЕД СУДОМ* У КОНТЕКСТУ РАЗВОЈА ГОВОРА У ПРЕДШКОЛСКОЈ ГРУПИ ........ 181
Анђела Маринковић, ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦУ ТОМИСЛАВА НЕДИЋА ........ 193
Лука Митић, ДРАМСКИ ЕЛЕМЕНТИ И ПЕРСОНИФИКАЦИЈА У ПРИЧАМА ЗА ДЕЦУ ДУШАНА РАДОВИЋА ........ 203

## ЖИЛВЕРНОВСКАТА НАУЧНА ФАНТАСТИКА НА ТОМЕ АРСОВСКИ

**Апстракт**: Во оваа научна статија се осврнуваме кон творештвото на познатиот македонски автор за деца и млади – Томе Арсовски. Конкретно, ќе се осврнеме кон едно дело од неговите многубројни дела од жанрот научна фантастика. И дело чие дејство се одвива во непрегледните морски длабочини. Делото за кое станува збор е романот „Подводен град“ и претставува четврти, последен дел од тетралогијата која ја

сочинуваат романите: „Зена ќерка на ѕвездите“ (1988), „Арис или прва љубов“ (1989) и „Кристална планета“ (1990).
**Клучни зборови**: научна фантастика, роман за млади, Томе Арсовски.

Постојат голем број дефиниции на научната фантастика како жанр, од кои ќе се осврнеме на онаа дадена од Душица Лукиќ, која смета дека „под изразот научно-фантастична литература за деца и млади се подразбираат делата настанати од литературната надареност на писателот и неговата емотивна потреба да му се обрати на својот млад читател (со песна, драма или филм) за светот на Можната Реалност, согласно со она што е *differentia specifica* на научната фантастика. Тоа се дела кои децата можат да ги разберат, кои можат да ги разонодат, да им соопштат нешто сериозно, малку да се пошегуваат, да го исполнат детскиот свет со доживувања, да допринесат за изградување на детската личност, за развој на нивниот поглед на светот, да им пружат литературно доживување и литературно искуство - што, инаку и се очекува од секое уметнички вредно литературно дело“.[1] Златко Теодосиевски, ќе даде ваква дефиниција за научната фантастика: „Во најопшти црти, поимот научна фантастика вообичаено подразбира занимавање со измислени или вистинити научни достигнувања и нивното благотворно или погубно дејство врз човекот-цивилизацијата. Или пошироко, научната фантастика претставува проникнување на имагинативното и научното, антиципацијата на иднината, футуролошки претсказанија и „чудесни патувања“ итн.[2] Според ова, сосема е релевантно тврдењето на Paul Kincaid во неговиот есеј „On the Origin of Genre“ (2003) [3], дека не може да се извлече една заедничка дефиниција со која поблиску би се определил овој жанр, од причина што научната фантастика не е едно нешто, туку збир од повеќе нешта – футуристички сетинг, чудесни направи, идеално општество, вонземско суштество, пресврти во времето, меѓугалактичко патување, сатирична перспектива, особен пристап кон материјата на приказната, кои се исплетени заедно во неограничен број варијации.[4] Се разбира, не треба да се занемарат дефинициите на Дарко Сувин[5], Кингсли Емис, Демијан Бродерик[6], Гвинет Џонс[7], Роберт Шолс[8] и многу други теоретичари на овој жанр, дадени кај Адам Робертс[9]. Како што постојат мноштво дефиниции кои поблиску го одредуваат карактерот на овој привлечен жанр за читателите, така, постојат и голем број на класификации на темите во научно-

[1] Dušica Lukić, U igri fantazije, Detinjstvo, Novi Sad, br.1-2, 2000.
[2] Златко Теодосиевски, Фантастиката и научната фантастика во сликарството, Разгледи, бр.1, 1989, Скопје, стр.53.
[3] Paul Kincaid, "On the Origins of Genre". In: What it is We Do When We Read Science Fiction. Essex: Beccon Publications. p. 13-21, 2008.
[4] John Rieder, On Defining SF, or Not: Genre Theory, SF, and History, Science Fiction Studies Vol. 37, No. 2 (July 2010), pp. 191-209, https://www.jstor.org/stable/25746406
[5] Darko Suvin, "On the Poetics of the Science Fiction Genre". In: College English, Vol. 34, No. 3, p. 372-382., 1972.
[6] Broderick, Damien (1995) Reading by Starlight: Postmodern Science Fiction, London and New York: Routledge.
[7] Jones, Gwyneth (1999) Deconstructing the Starships: Science, Fiction and Reality, Liverpool: Liverpool University Press.
[8] Scholes, Robert (1975) Structural Fabulation: An Essay on Fiction of the Future, Bloomington: Indiana University Press.
[9] Adam Roberts, Science fiction, Routledge-Taylor & Francis e-Library, New York, 2002.

фантастичната литература. Така, Влада Урошевиќ[10] ја предлага оваа класификација на научната фантастика и ние немаме причини да не ја прифатиме:
1. Утопија - еден замрзнат идеал
2. Игри со времето: ухронија и паралелни светови
3. Жед за слободен простор
4. Враќање назад: херојска фантазија
5. Есхатолошки теми: од крајот кон новиот почеток

Делото за кое станува збор е романот „Подводен град" и претставува четврти, последен дел од тетралогијата која ја сочинуваат романите: „Зена ќерка на ѕвездите" (1988), „Арис или прва љубов" (1989) и „Кристална планета" (1990). Романот „Подводен град" од писателот Томе Арсовски[11] е објавен 1992 година, по двегодишно растојание од претходните три романи кои ја сочинуваат оваа тетралогија.

Но, најпрвин да дадеме краток осврт на останатите книги од овој серијал. Според зборовите на Миодраг Друговац со првиот роман - „Зена ќерка на ѕвездите"[12], се потврдува и разгранува една 'жил-верновска', научно-популарна и фантастична линија во македонската проза за деца и младина... Приказната за авантурите на малата, симпатична и 'интелектуално надмоќна' Зена Верн, од планетата Верна (како што се гледа неизбежна е асоцијацијата на Жил Верн!)... Индикативно е што малата хероина на Арсовски не копнее по планетарниот бескрај од некое свое, макар и измислено, катче на Земјината топка, ами обратно - таа копнее да ја запознае Земјата...[13] На овој свет таа не само што брзо се приспособува, ами успева и да се здружи со Земјанката од VII-1, Јана Турбовска - Жарче. По многуте необични доживувања, својствени за најнапредната техника и човечка фантазија, ќерката на ѕвездите ќе биде импресионирана од гостопримството на Јана и, посебно, од убавините на Зелената планета, од „зелените круни и жолтите полиња со пченичното класје што се бранува на ветрот" од „модро-зелените рибји очи на планинските езера..." (Зена..., стр.148). Но, бидејќи времето на нејзиниот престој е програмирано и ограничено, таа е принудена да се раздели од посестримата Јана, па со подвижна светлосна лента влегува во интергалактичкото летало, бродот „Либератор", и се враќа кај своите Вернанци.[14]

Како и неговите учители, така и тој, на фантазијата ѝ дозволува да лета пред субјективното време - дури и на јунаците какви што се Јана, Катерина и многу други, од Зелената планета, Верна или Кристалната планета (командантот Тарус, татко и на Зена, Зориус Зјајка, навигаторот Шем, Катра, таа „девојка-робот, со нејзиниот прекрасен облак црвеникава коса и златестиот сјај во големите тркалезни очи итн.)".[15] И во романот „Зена - ќерка на ѕвездите" од Томе Арсовски, кај главната хероина Зена Верн од планетата Верна е присутна желбата за авантури и истражување на непознатата планета - Земјата: „ -Толку би сакала да ја видам Зелената Планета! ...Тато, зошто не отпатуваме еднаш таму?" (стр.13); „Се обидел некој да воспостави контакт со нив? Не се обидел.

[10] Влада Урошевиќ, Демони и галаксии, Македонска книга, Скопје, 1988.
[11] Томе Арсовски (Косовска Митровица, 23.09.1928-22.04.2007, Скопје) е една од најзначајните личности во историјата на македонската драма, роман и книжевноста за деца и млади. Автор е на книгите за деца и млади: романите Патување во Џаџетакомо (1986), Зена ќерка на ѕвездите (1988), Арис или прва љубов (1989), Кристална планета (1990), Телефонот е во прекин (1993); стихозбирките за деца Смешни и испревртени песни (1991) и Диско Штурец (1993), Подводен град (роман за деца и млади, 1993), Супер девојче (роман за млади, 1994), Нешто убаво ми се случува (роман, 1996), Дедо Мраз и феферони (комедија за деца, 1997), Марко Крале и Феферона (весела сценска игра за деца, 1997) , Дарко Фокси спиди Гонзалес (весела сценска игра за деца, 1998) и др.
[12] Томе Арсовски, Зена - ќерка на ѕвездите, Детска радост, Скопје, 1988.
[13] Миодраг Друговац, Македонската книжевност за деца и младина, Детска радост, Скопје, 1996.
[14] Блаже Китанов, Литература за деца, Педагошки факултет „Гоце Делчев", Штип, 2007, стр. 29-34.
[15] Миодраг Друговац, Македонската книжевност за деца и младина, Детска радост, Скопје, 1996, стр.244-245.

Сите сознанија ги имате само од математичките пресметки и биоенергетските анализи на претпоставени податоци! Би сакала да ја видам одблиску...“ (стр.14); „ - Веќе со денови го сонува Големото Зелено Лице на Земјата“ (стр.15); „-Возможно ли е тоа?...Па тоа е мојата најневеројатна желба! Мојот фантастичен сон ќе се оствари!?“ (стр.19); „Зена просто беше нестрплива, гореше од желба поскоро да ја види таа мистериозна планета на која сè е зелено!“ (стр.25). Значи овде има спротивна ситуација од претходниот роман. Излетот кон непознатото е насочен од вселената, поточно планетата Верна кон Земјата и Земјаните. Затоа, сосем разбирливо е што Зена поседува високо развиени научно-технолошки апарати кои не се типични за сфаќањата на Земјаните. На пример, таа поседува апарат за смалување, потоа апарат за комуникација со родната планета Верна: „...притоа ѝ тутна еден мал микро-транзисторски апарат што прилегаше на рачен часовник. - Земи го ова. Со него постојано ќе бидеме во врска, каде и да се најдеш“ (стр.22); „Од горниот џеб на блузата го извади пластичното шишенце со био-спреј и сребреното огледалце со вграден микро-процесор“ (стр.47). Со помош на био-спрејот Зена избегнува мноштво опасни и непријатни ситуации, но создава и паника меѓу Земјаните кои ќе го забележат нејзиното смалување. Благодарение на нејзината присебност, авантурата се завршува среќно. Зоран Живковиќ во предговорот на антологијата „Современици на иднината“ вели дека во овие дела човекот морал беспоговорно да излезе како „победник од средбата со другите облици на животот, во широкиот распон од вонземјани, преку вештачката интелигенција што ја создале луѓето, па до нашите дегенерирани предци“.[16]

„Во следниот роман „Арис или прва љубов“[17], со помош на вселенскиот брод „Катерина“, што се спушта над Камениот мост во Скопје, Јана патува на Верна и ја возвраќа посетата на Зена. Од мигот на пристигањето, па сè до крајот на романот, вонредната творечка имагинација на Арсовски нè запознава со еден друг и непознат свет. Притоа, писателот вешто нè води низ лавиринтите на монструозниот град-држава, каде што и ние се губиме и стравуваме, сонуваме и предвидуваме, и спонтано се вклучуваме во чудните и неверојатни преживеалици на двете девојчиња. И како што бидува само во фантастичните романи, сосема (не) очекувано, во градот на фантастиката или во т.н. огромна Палата на знаењата, се случува првата љубов меѓу живото човечко суштество Јана и златоокиот компјутер Арис. Тој настан во романот упатува на можноста за инкарнација на љубовта и на овој дел од космосот: „Никулецот на љубовта почива во секој човек само го чека својот час за да развие и да расцвета“ („Арис...“, стр. 127). Но, за жал, во неизодливиот и безграничен архитектонски простор каде што сè е компјутеризирано, роботизирано и програмирано преку микросензори и фотоќелии - зборот љубов е чиста апстракција. Притоа, преку живото суштество со натпросечна интелигенција, кое во ништо не заостанува зад автоматиката на оваа планета, писателот Арсовски „спознава“ дека: а) на Вернанците им треба опслужување од живи високостручни луѓе и, што е уште поважно, ним б) најмногу од сè им недостасува елементарно човечко чувство што ќе бдее над иднината на Верна и сиот космос - љубовта. Оттука и заложбите на нашиов писател и во Зена и во Арис - да се зачува љубовта меѓу луѓето, која сè повеќе се потиснува во светот на компјутеризираниот начин на живеење“.[18] Во романот „Арис или прва љубов“ од Томе Арсовски девојчето Јана Турбовска доаѓа на гости кај Зена за да ја запознае планетата Верна. Таму таа се восхитува на научно-технолошкиот развој на оваа планета, сè до оној момент кога ќе сфати дека меѓу Вернанците не постои чувството на љубов. Заедно со Зориус- Зјајка, Арис и Зена преземаат истражувачки поход на мртвата планета, која ја нарекуваат и

---

[16] Zoran Živkovic, Savremenici budučnosti, Narodna knjiga, Beograd, 1983.
[17] Томе Арсовски, Арис или прва љубов, Детска радост, Скопје, 1989.
[18] Блаже Китанов, нав.дело стр.29-34.

„Кварцна планета", затоа што е опустошена: „Недалеку од местото каде што слетаа, како црни неподвижни санти од некое маѓепсано замрзнато море стоеја црните светликави карпи со остри работи и длабоки вертикални пукнатини од сртот до поножјето. Површината им беше мазна, беа застрашувачки во својата сенишна реалност. Толку беа високи, што улиците во нивното подножје беа како кањонско дно на одамна пресушена река" (стр.86). Но планетата не е мртва како што мислат, па набргу запаѓаат во неволја. Притоа Јана е во директна опасност да настрада од вселенското куче: „Јана сфати оти е заробена во наелектризиран кафез, решетката околу неа гореше, од шипките лижеа светликави пламени јазици, но не чувствуваше никаква топлина. Само беше крајно изненадена, сосема збунета и уплашена поради својата беспомошност" (стр.88). Опасна авантура доживуваат и при прошетката низ градот и тогаш Јана сфаќа дека и оваа цивилизација не е совршена. Верна се наоѓа во состојба на постојана воена подготвеност заради стравот од напад од други цивилизации: „Колку што беше смешно, тоа беше и монструозно - некој, можеби токму Планетарниот Ум, постојано ја подгрева психозата на страв од ненадеен напад од ненадеен агресор. Оваа цивилизација, значи, живее во услови на постојани вонредни мерки, во ситуација "ни војна - ни мир"!" (стр.158). На крај, им се заканува опасност и од грешка во комјутерскиот систем на Верна: „Јана ја полазија морници. Ако ова се прошири на поголем компјутерски систем - тогаш катастрофата е неизбежна!" (стр.154); „Роботите полуделе, автоматите стануваат убијци" (стр.156); „Зена забележа дека температурата во собата ненормално е прегреана: наместо автоматски да се вклучи системот за ладење, по паѓањето на прозорецот, и покрај втурнувањето на загреаниот надворешен воздух, се вклучил и системот за греење!" (стр.159). Како и да е, на крајот, бидејќи е девојче со натпросечна интелигенција, Јана сфаќа дека по едномесечен престој на Верна, за време на кој им дала драгоцени податоци на Вернанците, мора да се врати дома со телепортација. Носталгичното чувство е засилено со сознанието дека нејзината прва љубов Арис и е недостижен бидејќи станува Планетарен Ум, затоа што бил еден од сосема ретките кои ја почувствувале љубовта во своето срце. Вернанците во тоа го гледаат спасот на својата цивилизација - во љубовта.

Проектот на Томе Арсовски го опфаќа и романот „Кристална планета"[19], а со неговиот крај се навестува следниот чин на фантастичните авантури како на Јана, така и на Зена. Се чини дека на фантазијата на Арсовски ѝ нема пристан, и нема крај, како оној брод наречен „Сребрената грмотевица" со која јунаците на романот патуваат од една на друга планета.[20] Во романот „Кристална планета" од Томе Арсовски повторно е присутен копнежот за истражување на нови, непознати вселенски предели и овојпат кон тие простори ќе се упати Катерина, најдобрата другарка на Јана. Таа пристигнува на Верна како замена на Јана Турбовска. И во овој роман Зена и Зориус ја носат Катерина на Кристалната планета. Таа е возбудена од авантурата, но во неа се всадува чувство дека не се сами: „...- Местово е чудесно, но јас чувствувам нешто.. - Некој постојано нѐ гледа..." (стр.46). Дека планетата не е мртва се докажува по сознанието дека карпите се живи: „Плочките, како оклоп на предисториско животно, почнаа да се креваат, да се кострешат, карпата затрепери, се помести и пред вџашените очи на двајцата со ужасен рик се крена, се оддели од своето лежиште и летна со брзина на погледот..." (стр.47); „Кристалната планета не е мртва. Тие се скриени, притаени се. Тие, можеби, се поразвиени од Верна. Но се кријат. Од нешто се исплашени" (стр.52). Сознанието се зацврстува по средбата со предисториските луѓе: „Пред нив стоеше избезумено суштество со долги раце и кусо тело, очите не му се гледаа, беа обраснати во огромни

[19] Томе Арсовски, Кристална планета, Детска радост, Скопје, 1998.

[20] Миодраг Друговац, Македонската книжевност за деца и младина, Детска радост, Скопје, 1996.

бели влакнести веќи. ...Главата му беше израсната направо од рамениците, немаше врат, па кога сакаше да погледне лево или десно - се вртеше со целиот свој несмасен труп“ (стр.55); „...тоа беше чувството дека пред себе го гледа својот предок, предисториски човек, штотуку слегнат од дрвото каде што живеел дотогаш“ (стр.58). Поразувачки делува сознанието дека сите авантури кои ги доживуваат актерите, всушност биле внимателно испланирани воени вежби од страна на Планетарниот Ум. На крај, и кај Јана и кај Катерина се јавува разочараност заради сознанието дека Вернанците се цивилизација која не се разликува многу од цивилизацијата на луѓето. И кај нив е присутен стремежот за постојано вооружување, како и кај луѓето, заради што и кај Јана и кај Катерина исчезнува илузијата за идиличната вселена.

Последниот роман од тетралогијата - „Подводен град“[21] ни донесува низа авантури на Катерина и нејзината постара сестра Билјана. Сликата на романот ни се отвора со патувањето на нивното семејство на летен одмор во Ровињ, на Јадранското крајбрежје, кога непосредно пред влезот во градот затекнуваат сцена на работа на пат и притоа, целото семејство е сведок на појавата, поточно метаморфозата на еден од работниците во вонземско суштество: „Таа забележа и дека ушите на вештачкиот човек почнаа да му се издолжуваат како на волчјак и стануваа некако наребрени: токму онака, како што им ги цртаа грбот и опашките на ламјите, или на предисториските чудовишта што научно ги викаме диносауруси... Истовремено му пукнаа и ракавите на работничката блуза и на мишките, од рамото до лакотот, му израснаа истите рибји перки“ (стр.15). Од тука започнуваат да се нижат необичните авантури, вклучувајќи ја и авантурата во подводниот свет. Па така, дејството на овој роман се одвива на површината на Земјата и во длабочините на Јадранското море. Значи, нема истражување на вонземски планетарни простори, но и покрај тоа може да се рече дека и ова дело припаѓа на спејс – операта, заради начинот на кој е насликан и се перципира просторот на кој престојуваат вонземјаните – Каратонците. Жан Гатењо, во својата студија за научната фантастика, зборувајќи за карактеристиките на овој под-жанр, вели дека се работи за „циклуси на авантури со стереотипна структура, каде што допирот со непознатото има едноставно улога на зачин; каде што границите на световите изодени од страна на хероите не престануваат да се повлекуваат“.[22] Јунакот на ваквото дело се судрува безброј пати со опасноста, при што секогаш одново мора да ги даде доказите за својата смелост и снаодливост; неговите непријатели се олицетворение на злото и темните сили; неговата сакана е суштество што во своите одлики во подеднаква мера ги посадува убавината и невиноста, а со главниот јунак неа ја спојуваат најчесто платонски врски...

Според Грег Гревел, постојат три основни модели на научно-фантастични колонијални наративи - истражувачки, домашни и борбени - од кои секој претставува прогресивна фаза во континуумот мотивиран од поефикасни средства за колонизација. Повеќето современи научно-фантастични продукции се од борбениот модел, кој ја открива постмодерната наклонетост за намалување на просторот и пропаѓање на времето, за правење на вонземјанинот познат и близок, универзумот познат и мапиран[23].

Авторот во романот ја застапува идејата за супериорноста на вонземската цивилизација, како цивилизација која потенцијално постоела и цветала во времето на човековото еволуциско детство. Како што се покажува и во романот, Кератонците, уште додека животот на луѓето на Земјата бил на најпримитивно можно ниво, на дното од морето создале свој подводен град и трпеливо чекале погоден момент, кога човековата цивилизација ќе достигне доволно висок развој, да ја пресоздадат својата цивилизација

---

[21] Томе Арсовски, Подводен град, Детска радост, Скопје, 1992.

[22]Jean Gategno, La science-fiction, Paris, 1971.

[23] Greg Grewell, Colonizing the Universe: Science Fictions Then, Now, and in the (Imagined) Future, Rocky Mountain Review of Language and Literature,Vol. 55, No. 2 (2001), pp. 25-47, https://doi.org/10.2307/1348255

на роботи. Во тој свет младата Катерина влегува преку едно необично дрво, слично како некоја наша „Алиса“, но овојпат во еден подземен свет. Таму, нашата Алиса-Катерина доживува низа авантури низ кои таа ја покажува својата луцидност, инвентивност и снаодливост, а пред сѐ, својата хумана човечка природа. На тој начин и градот на вонземјаните, за кој знаат и Вернанците од планетата Верна и го обновиле, всушност одамна бил населен од Кератонци, кои во него создале свој живот и во кој веќе почнале да одгледуваат огромни влекачи (гуштери) и да произведуваат роботи, се трансформира во еден топос карактеристичен за некој апокалиптичен и застрашувачки вонземен простор: „Замрзнат мртов свет, скаменет пред милиони години...Убав и по малку страшен сон... Некој бивш свет во кој животот се скаменил и само чека таа да чукне со волшебно стапче и одново да оживее“ (48). Се разбира, и жителите на тој свет се застрашувачки на изглед: „На висок престол седеше Господарот на Подводниот град, чие име сѐ уште не ѝ беше познато. ...Но Катерина првин го забележа неговото лице, од кое ја полазија морници: имаше змиско лице со големо чело на кое ја гледаа три очи! Онаму, каде што се спојуваат веѓите, на челото имаше трето око! Ушите му беа остри и кренати угоре, како на волчјак, а на двата образи и на слепоочниците имаше крлушки како риба, или беа некои коскени плочки, како кај желките...Каратонецот немаше слепоочници, зашто и на тие места му беа уште две очи, но не со белка и зениц, туку како некое саќе, како кај пчелите, како кај мувите: тоа беше око од десетици, од стотици ситни очи во едно око!“ (стр.50). Изгледот на господарот на Подземниот град и на неговите андроидни слуги, воопшто не кореспондира со нивната одбивна појава. Имено, авторот со многу хумор ги слика односите меѓу господарот и неговите советници, како и неговата наклоност за рецитирање поезија, кога со голем восхит ѝ се обраќа на Катерина, нарекувајќи ја „света свршеничке“. Посебно хуморно е прикажан моментот кога тој ја објаснува причината за нивниот престој на Земјата, каде престојува веќе долго време, оставен од неговите во некои минати времиња: „Вие тогаш ловевте диви животни и го јадевте нивното месо кинејќи го со заби. Ги убивавте со дрвени топузи и со копја и стрели чијшто врв го мачкавте со растителен отров“ (83). Но, умната и досетлива Катерина ќе воочи сличности меѓу верувањата на Кератонците и племињата на Маорите, па откако ќе се покаже дека вонземјаните ја презеле нивната религија, митологија и верувања (жртвопринесувањето), ќе ги убеди да се преселат онаму каде некогаш живееле овие племиња. Долгото престојување на Земјата, на застрашувачкиот господар, како да му предизвикува длабока тага, па тој често воздивнува, и при секоја воздишка, се руши дел од ѕидовите: „Тиркизниот господар се смееше како да грми небото од сите невидливи облаци и од сите невидливи страни. Уште една корална плоча се откина и тресна на камениот под во триста пати по три парчиња“ (86).

Со тоа овој роман „тргнува од најсовремените достигнувања на науката и техниката и со помош на имагинацијата зачекорува неколку децении во иднината, претпоставувајќи и замислувајќи што сѐ би можело да се случи“.[24] Притоа, според Урошевиќ, пред конструкторите на вештачките суштества се јавува проблемот како да се создаде суштество што е колку што е можно повеќе самостојно во своите одлуки, но притоа да се спречи можноста за негова побуна против својот создавач и господар.[25] Во Зена - ќерка на ѕвездите и Арис или прва љубов, роботите се јавуваат во крајно позитивна улога - во улога на помошници, другари, пријатели за учење кои на Зена ѝ даваат изобилство информации за толку посакуваната и замислувана планета - Земја: „...Голем дел од слободното време таа го минуваше покрај Крокси, роботот за учење“ (стр.9).

[24] Dragoljub D.Gajić, Naučno-fantastična priča Vesne Aleksić, Detinjstvo, Novi Sad, br.1-2, 2000.
[25] Morton Klass, The Artificial Alien: Transformations of the Robot in Science Fiction, The Annals of the American Academy of Political and Social Science, Vol. 470, Robotics: Future Factories, Future Workers (Nov., 1983), pp. 171-179, https://www.jstor.org/stable/1044811, преземено на 05.11.2021

Нејзините родители се обидуваат да ѝ укажат на разликата меѓу роботите и луѓето: „-Зена, твојот Крокси е сепак само електронски мозок, компјутер, робот, значи машина! Роботот може да биде помалку или повеќе совршен, но тој е машина и не може да ти замени ниту една другарка, или другар. Ние ќе успееме роботите да работат за нас, но човекот е незаменлив!“ (стр.10, Зена - ќерка на ѕвездите). Како помошници роботите се јавуваат и во романот Арис или прва љубов: „Тој виде како се подаваат две челични раце во вид на некакви федери, потем се покажа голема кутија поставена на челични куки, како нозе“ (стр.27); „Значи овде и тоа го имаат: вештачки луѓе?!...Не се разликуваше од жива девојка, изработката беше совршена...Нејзиниот мозок беше направен толку прецизно, што можеше да зборува, да слуша и извршува усно издадени наредби, дури имаше вграден и емоционален апарат: низ нејзините прсти проструи топлина, како да се возбуди!“ (стр.58-„Арис или прва љубов“). Веќе во романот „Арис или прва љубов“ се јавува првата недоверба кон роботите на кои комплетно им е доверен животот на планетата Верна. Не се работи за тоа дека се плашат од евентуално зло кое тие би можеле да им го нанесат на луѓето, туку за сомнеж во нивните емоционални реакции во случај на ненадејна опасност: „-Па зар толку им верувате на роботите? По логиката на работата, сè што може да се направи, може и да се расипе!“ (стр.103); „Нив ги управува математичка логика, егзактни физички закони, а не емоции, не поетски метафори!“ (стр.103). На овој начин, освен темната страна на темата за роботите, авторот Арсовски ни ја доловува и есхатолошката тема, за можна идна катаклизма која му се заканува на човештвото од вонземјаните.[26] Gregory Benford истакнува дека тешката научна фантастика може да се каже дека започнува со Верн. Нејзината агенда тој во голема мера ја постави, а таа долга линија се спушта низ Хајнлајн до Варли и многу други. Сите тие имаа сатиричен тон во многу од нивните дела и ги почитуваа ограничувањата на познатата наука од нивното време. Влијанието на Верн беше огромно, можеби најмногу во САД[27].

Оваа тетралогија на Томе Арсовски ги задоволува сите литерарни критериуми да се нарече научно-фантастична литертаура за деца и млади. Во неа го има детективскиот /авантуристичкиот момент, желбата за истражување на далеките планетарни простори, средби со вонземни суштества кои најчесто се прикажани како пријателски расположени кон човековата цивилизација, сознанието дека роботите се корисни и пријатни, но со едно дискретно укажување на опасноста од нив, како опасност од најголеми размери која се однесува било на уништување на човештвото и населување на Земјата со роботи, итн. Но, можеби најголемото влијание на Жил Верн во тетралогијата на Томе Арсовски се согледува во последниот дел од тетралогијата, насловен како „Подводен град“ во кој

---

[26] Американскиот писател Исак Асимов ги формулирал познатите „Три закони на роботиката“ кои за прв пат ќе се појават во 1940 година во расказот „Затворен круг“ и стануваат основа во која ќе биде потцртана разликата меѓу човекот како поединец и човештвото како целост. Еве ги тие закони во својата понова варијанта:

1. Роботот не смее да повреди човечко суштество или со својата неактивност да дозволи човечкото суштество да биде повредено, освен ако тоа не е во спротивност со Основниот закон на роботиката;

2. Роботот мора да им се покорува на наредбите добиени од човечки суштества, освен ако тие наредби не се во спротивност со Првиот или со Основниот закон на роботиката.

3. Роботот мора да го штити своето сопствено постоење, сè додека таквата заштита не е во спротивност со Првиот, со Вториот или со Основниот закон на роботиката;

4. Основен закон на роботиката: роботот не смее да му нанесе зло на човештвото или со својата неактивност да дозволи тоа да биде нанесено.

Видливо е дека со внесувањето на последната клаузула, односно со внесувањето на основниот закон на роботиката, резонирањето на роботите станува помалку механичко и се доближува до основните одлики на резонирањето на човечкото суштество....

[27] Gregory Benford, Verne to Varley: Hard SF Evolves, Science Fiction Studies, Vol. 32, No. 1, A Jules Verne Centenary (Mar., 2005), pp. 163-171, https://www.jstor.org/stable/4241326

при описот на подводното кралство на Тиркизниот господар и користењето на ресурсите на морето за живот, неизоставно се наметнува впечатокот за сликата на подморницата на Капетан Немо од романот „20.000 милји под морето“ на Жил Верн: „Еве го! Акваградот на Каратонците беше пред нејзините очи: на самото морско дно стоеше огромна провидна купола, всушност полутопка! Неописливо големи шкрги, низ кои минуваше морската вода, го извлекуваа од неа кислородот и го спроведуваа во градот под куполата, а однатре во широки потоци низ посебни наребрени цевки градот го „издишуваше“ употребениот воздух“ (50).

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Benford, Gregory, (2005). Verne to Varley: Hard SF Evolves, Science Fiction Studies, Vol. 32, No. 1, A Jules Verne Centenary (Mar., 2005), https://www.jstor.org/stable/4241326, преземено на 05.11.2021
2. Broderick, Damien, (1995) Reading by Starlight: Postmodern Science Fiction, London and New York: Routledge.
3. Gajić, Dragoljub D. (2000). Naučno-fantastična priča Vesne Aleksić, Detinjstvo, Novi Sad, br.1-2.
4. Gategno, Jean, (1971). La science-fiction, Paris.
5. Grewell, Greg, (2001). Colonizing the Universe: Science Fictions Then, Now, and in the (Imagined) Future, Rocky Mountain Review of Language and Literature,Vol. 55, No. 2, https://doi.org/10.2307/1348255
6. Jones, Gwyneth, (1999) Deconstructing the Starships: Science, Fiction and Reality, Liverpool: Liverpool University Press.
7. Kincaid, Paul, (2008). On the Origins of Genre. In: What it is We Do When We Read Science Fiction. Essex: Beccon Publications.
8. Klass, Morton, (1983). The Artificial Alien: Transformations of the Robot in Science Fiction, The Annals of the American Academy of Political and Social Science, Vol. 470, Robotics: Future Factories, Future Workers , https://www.jstor.org/stable/1044811, преземено на 05.11.2021
9. Lukić, Dušica, (2000). U igri fantazije, Detinjstvo, Novi Sad, br.1-2.
10. Rieder, John, (2010). On Defining SF, or Not: Genre Theory, SF, and History, Science Fiction Studies, Vol. 37, No. 2, https://www.jstor.org/stable/25746406, преземено на 05.11.2021
11. Roberts, Adam, (2002). Science fiction, Routledge-Taylor & Francis e-Library, New York.
12. Scholes, Robert, (1975) Structural Fabulation: An Essay on Fiction of the Future, Bloomington: Indiana University Press.
13. Suvin, Darko (1979) Metamorphoses of Science Fiction: On the Poetics and History of a Literary Genre, New Haven, CT: Yale University Press.
14. Suvin, Darko. (1972). On the Poetics of the Science Fiction Genre. In: College English, Vol. 34, No. 3.
15. Živkovic, Zoran, (1983). Savremenici budučnosti, Narodna knjiga, Beograd.
16. Арсовски, Томе, (1988). Зена - ќерка на ѕвездите, Детска радост, Скопје.
17. Арсовски, Томе, (1989). Арис или прва љубов, Детска радост, Скопје.
18. Арсовски, Томе, (1998). Кристална планета, Детска радост, Скопје.
19. Арсовски Томе, (1992). Подводен град, Детска радост, Скопје.

20. Друговац, Миодраг (1996). Македонската книжевност за деца и младина, Детска радост, Скопје.
21. Китанов, Блаже, (2007). Литература за деца, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
22. Теодосиевски, Златко, (1989). Фантастиката и научната фантастика во сликарството, Разгледи, бр.1, Скопје.
23. Урошевиќ, Влада, (1988). Демони и галаксии, Македонска книга, Скопје.